Вест, 23.1.2001, стр.12

ИНТЕРНЕТ

# Творештвото на Искра Димитрова на веб-страница





Авторката Искра Димитрова, од неодамна има своја веб - страница http://members.nbci.com/iskrad/ Заинтересираните на веб - страницата можат да најдат податоци за авторката, за нејзините самостојни и групни изложби во земјава и во странство и голем број каталози од изложби во кои е застапена таа.

Покрај информацијата за секоја изложба на Димитрова, има фотографија на делото (инсталацијата), податоци за тоа како е работена инсталацијата и од каков материјал. За секое презентирано дело има осврт од некој ликовен критичар. *(О. П.)*